SUPPORTING MODERNIZATION AND DE-INSTITUTIONALIZATION OF SOCIAL SERVICES

# Општина Струмица
# Социјален план
# 2021-2024

Project implemented by:

## 1. Вовед

Заради надминување на утврдената состојба дека услугите од социјална заштита не ги следат индивидуалните потреби на крајните корисници, новиот Закон за социјална заштита (Службен весник на РСМ, бр.104 од 23.5.2019 година) предвидува унапредување и развивање на социјалните услуги кои ќе се обезбедуваат во домот на корисникот, во заедницата и вон семејството, како и иновативни и инервентни социјални услуги. Во однос на обезбедувањето на социјалните услуги се овозможува вклучување на локалната самоуправа, како и на здруженијата на граѓани, физички лица и приватниот сектор во обезбедувањето и испораката на услугите во заедницата. Во оваа насока општините формираат Совет за социјална заштита и Совет за социјална заштита на планскиот регион заради планирање и развој на мрежата на социјални услуги на планскиот регион.

### 1.1. Социо – економски карактеристики на општината




Општина Струмица се наоѓа на крајниот југоисточен дел на Република Северна Македонија. Таа е сместена во западниот дел на плодната Струмичка Котлина, веднаш под тромеѓето на меѓудржавните граници со Бугарија и Грција. Општина Струмица на исток се граничи со Општина Босилово, на запад со Општина Конче, на север со Општина Василево, на југоисток со Општина Ново Село, на југозапад со Општина Валандово.

Општина Струмица е најголема општина во Југоисточниот плански регион и претставува своевиден административен, образовен и економски центар во овој дел на државата. Општината се протега на вкупна површина од 321,89 м2. и опфаќа 25 населени места, градот Струмица и 24 села. Според пописот на населението од 2002 година, во општината живеат 32,7% од населението во југоисточниот регион или 54.676 жители, и е најгусто населена општина во тој регион. Ако ги споредиме податоците од пописот и движењето на населението низ годините, се забележува дека општина Струмица бележи пораст на населението и има позитивен природен прираст. Имено, бројот на населението во периодот 2002-2014 се зголемил за 2.107 лица, односно 3,85%. Во однос на националната припадност, доминира населението од македонска националност (91,92%), потоа турското население (6,87%), со помалку од еден процент се застапени ромската заедница и други.

Според податоците добиени од Завод за Статистика во Струмица бројот на вкупното население изнесува 56 783, од кое 28 378 се мажи и 28 405 се жени.
Во однос на внатрешните миграции на населението во Општината Струмица, податоците од Заводот за статистика покажуваат релативен баланс на движењата во однос на доселените и отселените лица во Општината во/од останатите општини од РМ. Вкупниот број доселени лица изнесува 180, додека вкупниот број отселени лица од Општината е 173. Либерализацијата на визниот режим, сиромаштијата и сѐ поголемите можности за младите да учат, студираат и работат надвор од државата, овозможуваат зголемување на трендот за иселување на младото и работоспособното население од Општината. На територијата на Општина Струмица е присутен трендот на отселување надвор од РМ, посебно кај населението од руралните средини и студентската популација. Неофицијалната бројка на луѓето кои ја напуштиле Општината од економски причини е поголема од илјада, со тенденција на постојан пораст.

### 1.2. Законска регулатива

Социјалниот план на Општина Струмица е изработен согласно Законот за социјална заштита (Службен весник на РСМ, бр.104 од 23.05.2019), Законот за изменување и дополнување на законот за социјална заштита (Службен весник на РСМ бр.146 од 17.07.2019 година), Законот за заштита на децата (Службен весник на РСМ БР.146 ОД 17.07.2019 година), Националната стратегија за деинституционализација и Акиски план “Тримајник”, Законот за семејство ( Службен весник на РСМ, бр.153 од 20.10.2014), Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство (Службен весник на РСМ, бр.150 од 02.09.2015), Законот за финансирање на единиците на Локална самоуправа (Службен весник на РСМ,бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09 и 47/11), Законот за локална самоуправа (Службен весникна РСМ, бр.5 од 29.01.2002), Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18), Националната програма за социјална заштита (Службен весник на РСМ,бр.192 од 17.10.2016), Стратегијата за стари лица 2010-2020 и други закони и подзаконски акти кои се однесуваат на социјалната, детската и здраствената заштита.

### 1.3. Општинска структура за спроведување на Социјалниот план

За остварување на дејноста за социјална заштита Советот на Општина Струмица формираше Совет за социјална заштита на Општината. Советот на Општина Струмица го усвојува социјалниот план на општина Струмица со цел

да обезбеди транспарентен, интегрален, ефикасен и правичен систем во кој ќе ги опфати мерките и средствата кои што се потребни да се задоволат потребите на корисниците на оваа програма кои живеаат во Општина Струмица. Со овој план се реализираат потребите за социјална заштита на ранливите категории граѓани и нивна поголема вклученост во општеството и излегување во пресрет на нивните барања. Одлуката за формирање на Совет за социјална заштита, вклучително и неговиот состав може да го видите во Анекс.бр.1, на крајот на планот.

Социјалниот план на Општина Струмица го изработува Одделението за Локален економски развој кој е во склоп на Сектор за Локален економски развој, го разгледува Комисија за социјална заштита, здравствена заштита и заштита на децата и донесува Совет на Општина Струмица.Градоначалникот и Советот на Општина Струмица се залагаат и ќе направат максимален напор во границите на своите финансиски можности, но и заложби за обезбедување на средства по разни основи да обезбедат задоволување на дел од потребите на социјално загрозените лица, лицата со попреченост, децата без родителска грижа, старите лица, инклузија на ромските деца, семејствата настрадани од елементарни непогоди. Одговорни лица се Нела Масалковска (Советник во ЛЕР), Теодора Ѓоргиева (Соработник во ЛЕР) и Тони Милушев (Раководител на Одделение за ЛЕР). Голем недостаток со кој се соочува општината е немањето на посебно Одделение за Социјална заштита.

## 2. Мапирање на социјалните проблеми и ранливите групи на локално ниво и нивните потреби

За потребите на овој Социјален план беше направено социјално мапирање, податоците беа обезбедени од релевантни институции, НВО сектор и беа консултирани и вклучени претставници на релевантни институции, организации и здруженија на граѓани кои работат на територијата на Општина Струмица, а со цел да се постигне инклузивен и партиципативен процес преку кој заеднички се посветуваме на поквалитетен живот на нашите граѓани.

√ **Прва специфика на општината е демографското стареење.**

Проценката на возрасната структура на населението во Општина Струмица, според податоците добиени од Државен завод за статистика, покажува дека доминира население на возраст од 35 до 59 години. Имајќи предвид дека е видно пониска стапка на младо население, може да се заклучи дека во Општина Струмица се забележува трендот на стареење на населението.

Со оглед на тоа што е поминато многу време од последниот попис, постојат одредени варијации во дадените бројки. Но она што можеме да го забележиме дека старите лица преставуваат ранлива категорија на граѓани.

**Проценка на возрасна структура на населението во Општина Струмица 31.12.2019**

| Возраст | Вкупно | Жени | мажи |
|---|---|---|---|
| | 56.783 | 28. 405 | 28.378 |
| 0-19 | 13 236 | 6 484 | 6 484 |
| 20-34 | 12 898 | 6283 | 6283 |
| 35-59 | 20 160 | 9915 | 9915 |
| +60 | 10 453 | 5723 | 5723 |

Кога станува збор за старите лица во Општина Струмица тие претставуваат социјално најмаргинализирана категорија на граѓани, посебно оние кои живеат во руралните средини. Руралните средини се разликуваат од урбаните средини, па затоа може да се забележи дека потребите и приоритетите на населението се различни. Од претходно направени истражувања и информации добиени од претседателите на месните заедници, може да се утврди дека социјално најмаргинализирана категорија се старите лица коjшто живеа сами и без грижа во оддалечените села во струмичкиот регион, но и оние лица коишто останале сами, бидејќи семејствата им се иселени надвор од државата.

Според собраните податоци се направи мапирање на социјалните проблеми и ранливите групи и нивните потреби, а во продолжение даваме преглед на состојбата:

Според последната евиденција на ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи - Струмица, 409 стари лица се без основни средства за живот, стари лица се без семејна грижа и  лица се без средства за живот. Бројот на стари и изнемоштени кои живеат во самечки домаќинства е околу 409 лица. Бројките се резултат на масовното иселување на младите од Општина Струмица, по што во многу семејства се останати само стари, болни и изнемоштени лица, кои не можат да обезбедат основна социјална и здравствена грижа, или не можат да ги задоволат своитеосновни животни потреби. Ваквата ситуација, особено влијае на опаѓање на квалитетот на животот на оваа ранлива група, а посебно ранливи се старите лица во руралните средини.

- Согласно статистичките податоци добиени од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување бројот на пензионери на територија на Општина Струмица е околу 12 110 лица. Тие се организирани во Здружение на пензионерите на Општина Струмица. Здружението има 11 500 членови (пензионери), располага со сопствен простор, со 18 клубови за социјализација (простори нивни и доделени од Општината). Исто така има и дом на пензионери кој располага со 10 засебни станови. Здружението реализира активности согласно нивната годишна програма, најчесто преку учество на членовите во организација на настани, културно забавни активности, креативни работилници, и друго.

√ Состојбата на лица со попреченост (лица со интелектуална и телесна попреченост, телесни инвалиди, деца со аутизам, деца со говорни недостатоци, лица со комбинирани пречки, лица со оштетен вид и слух, лица со пречки во менталниот развој) во општина Струмица е следната и истата е добиена од добиените податоци од здруженијата на граѓани кои се делуваат во делот на социјална заштита.
- 30 лица со оштетен вид,
- 250 лица со оштетен слух,
- 330 лица со пречки во телесниот инвалидитет
- 80 интелектуална попреченост
- 38 лица со умерени пречки
- 80 лица со комбинирани пречки.
- 2 пречки во вербална комуникација (глас, говор и јазик)
- 25 Тешка телесна инвалидност
- 20 Аутистична лица
- 20 Лица со даунов синдром

√ Во Центарот за вработување – Струмица евидентирани се 3694 лица како активни баратели на работа и 6602 лица како пасивни баратели на работа. Невработеноста кај активните баратели на работа, без оглед дали се работи за млади лица или лица во поодминати години или лица со попреченост, е проблем од големо значење и води кон сиромаштија и миграција од Струмица. Согласно податоците од Центар за вработување и анализите направени од НВО секторот може да се забележи дека 90% од турското население во Општина Струмица се невработени или работат неформално. Се проценува дека околу 50% се физички работници кои често работат во земјоделскиот сектор во текот на годишните времиња, 20% се занаетчии, околу 10% се собирачи на отпад и околу 10% се музичари. Стапката на невработеност кај Турците и Ромите во Струмица е релативно висока 81%, а во однос на полот, жените се попогодени – 48% од Турците се невработени. Меѓутоа, исто така, уделот на невработени Турчинки е многу висок и има потреба од мерки за активирање.

- ✓ Млади лица- Според податоците добиени од Центарот за вработување во Струмица од вкупната бројка на невработени лица 10 296 ( 3694 лица како активни баратели на работа и 6602 лица како пасивни баратели на работа) од нив 30% се невработени млади лица. Како одоговр на овој проблем општина Струмица има развиено Стратегија за млади каде што едни од главните приоритети на Општината се развој на

претприемачката култура кај младите во Општина Струмица и промовирање на создавањето квалитетни работни места во Општината, преку надградба на знаењата и вештините на младите и иницирање на континуирани едукации за нивно успешно вработување.

√ Според податоците на ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи - Струмица има евидентирано 3414 корисници на права од социјална заштита на територија на општината и тоа:
- 1449 корисници на гарантирана минимална помош
- 1669 корисници на надоместок за помош и нега
- 686 корисници на надоместок заради попреченост
- 4 корисници на надоместок заради скратено работно време
- 1669 корисници на траен надоместок на родител на дете со попреченост
- 295 корисници на посебен додаток
- 163 Еднократна парична помош
- 409 Социјална сигурност за стари лица
- 936 Гарантиран детски додаток
- 295 Посебен додаток
- 92 Право на здравствена заштита
- 27 Право на надоместок на трошоци за сместување на лице и надоместок за сместување
- 10 Цивилна инвалидна

√ Бројот на бракоразводи постапки во општината за 2020 година изнесува 76, лица со нарушени партнерски и брачни односи 155, број на дете на кое му се уредуваат односите со родителот со кој не живее 109, малолетно лице кое сака да стапи во брак пред полнолетство 9, додека евидентирани се 4 лица жртви на семејно насилство и 3 сторители на семејно насилство.
Од добиените податоци од МВР Струмица лица (жртви) кои пријавиле семејно насилство во текот на 2019 година на подрачјето на СВР Струмица вкупно: 600, од нив 101 завршиле со поднесена кривична пријава до ОЈО, а 499 завршиле како поплака. На подрачјето на град Струмица регистрирани се вкупно: 320, од кои 52 завршиле со поднесена кривична пријава до ОЈО, а 268 завршиле како поплака.

√ Според последните официјални податоци од пописот од 2002 година, општина Струмица зафаќа површина од 321 км2 со 54.676 лица. Според последниот попис во 2002 година, Турците сочинуваат (6,87%), или од вкупното население на општината е 2642 жители, а Роми 130, или со помалку од еден процент се застапени ромската заедница и други.
Во Општина Струмица во 2020 година децата од турската националност и ромската националност од семејства во социјален ризик добиваат можност за поголемо вклучување во предучилишно образование. Во програмата „Инклузија на деца Роми во предучилишното образование" се вклучи и општина Струмица, со што престојот на децата во градинките е ослободен од партиципација, за децата чии семејства се во социјален ризик. Целта, велат оттаму, на ослободувањето од партиципација е еднаква вклученост на сите деца во предучилишното образование, бидејќи раниот детски развој е многу важен за понатамошниот развој и едукација на секој поединец.

√ Бројот на лица кои употребуваат односно злоупотребуваат дрога и други психотрпони супстанции и прекурзори во Општина Струмица изнесува 80. Овие податоци се добиени од Центарот за социјална рехабилитација на лица кои употребуваат односно злоупотребуваат дрога и други психотропни супстанции и прекурзори во Општина Струмица.

## 2. СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ

### 3.1 ПОСТОЕЧКИ СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ

Општина Струмица секогаш ја покажува својата силна заложба во спроведување на активности, проекти и социјални услуги од доменот на социјалната заштита, како и мапирање на потребите на лицата социјално загрозени. Согласно социјалните услуги, кои се обезбедуваат во рамките на новиот Закон за социјална заштита Општина Струмица ги имплементира следниве социјални услуги:

3.1.1 **Услуги на информирање и упатување**, согласно член 71 од Законот за социјална заштита се обезбедени преку ЈУ Меѓуопштински ценатр за социјална работа – Струмица.

3.1.2 **Услуги на стручна помош и поддршка**, согласно член 72 од Законот за социјална заштита се обезбедени преку ЈУ Меѓуопштински ценатр за социјална работа – Струмица.

3.1.3 **Услуги на советување**, согласно член 73 од Законот за социјална заштита се обезбедени преку ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Струмица.
Дополнително, Здружението на глуви и наглуви во Општина Струмица кое брои 80 членови, дава услуги од советодавна работа на своите членови – глуви и наглуви лица.Имаат клуб за социјализација, рехабилитација и интегрирање.Здружението има простории доделено од Општината.
Здружението ЦПЛИП Порака – Струмица брои вкупно 100 членови, раководи со социјален клуб каде што се реализираат повеќе активности од советодавни услуги, активација, ресоцијализација и работна активација. Здружението располага со просторија за дневно згрижување, која е доделена од општината.
Ромско – Турско здружение Хајат Струмица брои вкупно 20 членови. Активностите на оваа здружение се насочени кон обезбедување на советодавна услуга за правата од здравствена и социјална заштита и вклучување на ромските и турските деца во образовниот процес преку мобилни тимови на терен.Преку аплицирање на јавни повици преку реализирање на проекти од различни донатори, каде и Општината се јавува како донатор и со финансиска поддршка.

3.1.4 **Услуги во домот –**
**<u>Помош и нега во домот</u>**
Црвен крст врши поддршка на стари лица во домот (социјализација, пазарење) на волонтерска основа со деца на возраст од 15 до 16 годишна возраст. Исто така од страна на Црвен Крст-Струмица, од проект реализиран преку Регионална програма за локална демократија на Западен Балкан финансиран од ЕУ, а спроведен од УНДП и поддржана од Општина Струмица, беа спроведени услуги за нега на стари лица со попреченост во домашни услови.

**<u>Лична асистенција</u>**
Обука и провајдер на лични асистенти, поддршка на стари лица во домот (социјализација, пазарање) на волонтерска основа со деца на возраст од 15 до 16 години организирани од Црвен крст на општина Струмица. Во рамките на програмата Лична асистенција на лица со попреченост имплементирана од страна на Министерство за труд и социјална политика и Црвен крст на РСМ во Општина Струмица ангажирани се вкупно 18 асистенти кои даваат услуга персонална асистенција на 28 лица. Оваа програма има за цел да им помогне на лицата со

попреченост до 64 година да постигнат поголема независност и целосно да ги исполнат своите права. Лична асистенција се засновува на фактот дека лицата со попреченост треба да имаат еднакви права како и сите други и треба да овозможат слобода на избор и независно раководење на личниот живот.

**√Образовни асистенти на ученици со попреченост вклучени во редовен образовен процес**
Општина Струмица секогаш ја покажува својата силна заложба кога се работи за ученици со попреченост вклучени во редовниот процес . Од 2016 година преку Програмата ОКР започна со реализација на оваа социјална услуга и бевме прва пилот Општина која го реализираше проектот Лични асистенти на ученици со попречност вклучени во редовен образовен процес. Проектот се имплементира преку програмата Општинско – корисна работа во партнерство помеѓу Општина Струмица и Агенција за вработување на Р.М и истиот е финансиски поддржан од страна на УНДП. Во учебната 2019/2020 година бројот на ангажирани лица стигна 22 и тоа 9 финансирани од УНДП со 20% кофинансирање од Општина Струмица и 13 асистенти целосно финансирани од Општина Струмица.

### 3.1.5 **Услуги во заедницата**

**Поддршка на старт ап бизниси за млади**
Во рамките на проектот „Општина по мерка на граѓаните“ имплементиран од страна на Општина Струмица во партнерска соработка со Фондација Отворено Општество - Македонија (ФООМ), е изработена локална Стратегијата за млади 2015-2020, со Акциски план за млади 2015-2017 година. Во рамките на одржаниот Граѓански буџетски форум на Општина Струмица за 2016 година на кој беа презентирани активностите од акциските планови, граѓаните на општина Струмица со своето партиципативно учество дадоа приоритет на имплементација на проектот за “Поддршка на старт ап бизниси за млади”. Со цел да се обезбеди соодветна поддршка за младите, со овој проект ќе се развие концепт за образовни обуки за пренесување на искуство, вештини и знаење. На тој начин ќе се овозможи избраните апликанти да ги развијат своите првични нацрт-бизнис идеи. Тематските обуки беа дел од обуката вклучуваат развој на бизнис и менаџерски вештини, маркетинг планирање, маркетинг комуникации и е-маркетинг, продажни техники, како и финансиски и правни аспекти на работењето на мали и средни претпијатија.
Со овој проект се изработија и избраа 8 бизнис планови од кои 6 бизниси зановани од младите се сеуште функционални.

**Услуга за дневен престој**

**Дневен центар за лица со интелектуална попреченост** управуван и финансиран од МТСП преку ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Струмица. Дневниот центар е сместен во поранешната касарна на Општина Струмица, според својата местоположба допринесува за нормално и правилно функционирање на центарот. Корисниците на Дневниот центар е наменет за лица со телесна или интелектуална попреченост. Тоа се лица со тешка и најтешки пречки во телесниот развој и со комбинирани пречки. Вкупно се сместени 11 корисници и се на возраст најразлична од 7 до 20 години, во однос на полот 7 деца се од машки пол и 5 деца се од женски пол. Центарот на своите корисници им обезбедува престој, храна и индивидуална и групна работа со лицата од страна на вработениот стручен тим. Со родителите се одржуваат редовни средби и истите се вклучени и во активностите на дневниот центар Просторот ги задоволува условите за работа и се соодветно опремени за потребите на корисниците и вработените. Вработени се вкупно три лица и тоа психолог, социјолог и социјален работник и истите се финансиски поддржани од Министерство за труд и социјална политика.

Социјален клуб за лица со интелектуална попреченост - Здружението ЦПЛИП Порака – Струмица брои вкупно 100 членови, раководи со социјален клуб каде што се реализираат повеќе активности од советодавни услуги, активација, ресоциализација и работна активација. Здружението располага со просторија за дневно згрижување,која е доделена од страна на општината.

√ **Дневен центар и клуб за стари лица на Општина Струмица.** Здружението на пензионери Струмица сега има 11.500 члена, организирани во 26 ограноци. На територијата на здружението на пензионери Струмица функционираат 18 клубови за дневен престој на пензионери, за социјализација и 10 засебни станови. Здружението од годишната чланарина и донации кои ги собира, истите ги доделува на пензионери со ниски примања и тоа 12.000 денари неповратни средства, 10.000 денари за бањско лекување и до 18.000 денари помош при лекување.

√ **Проект „Народни кујни''** - Владата на Република Северна Македонија, со цел да излезе во пресрет на потребите на старите и немоќни лица кои поради материјална необезбеденост се наоѓаат во исклучително тешка социјална положба, се определи за политика на развој на социјалната заштита преку обезбедување на еден топол оброк за оваа група граѓани. Во 2007 година Општина Струмица потпиша договор со ЈУ Меѓуопштински

центар за социјална политика и ЈОУДГ Детска радост – Струмица за подготвување и дистрибуција на храна за стари и возрасни лица изложени на социјален ризик. Согласно списокот изготвен од ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа, 119 лица во Општина Струмица имаат добиено Решение за користење на бесплатен топол оброк, кој е подготвуван во ЈОУГД Детска градинка Струмица и истиот е дистрибутиран и делен во Дневен центар и клуб за стари лица на Општина Струмица. Во Народна кујна вработени се вкупно 3 лица и истите се платени од буџетот на Општина Струмица

√ **Специјализиран фитнес центар за лица со попреченост**
Центарот е отворен во рамките на проектот „И ние постоиме" преку Регионална програма за локална демократија на Западен Балкан финансиран од ЕУ, а спроведен од УНДП и поддржана од Општина Струмица. Овој центар е единствен во регионот и истиот се спроведува од Здружение на лица со телесен инвалидитет „Мобилност" од Струмица и Здружение на граѓани за помош и поддршка на лица со даунов синдром „ВЕРА" од Струмица. Тимот кој што работи е составен од фитнес тренер и волонтери – асистенти кои им помагаат на лицата со попреченост во извршувањето на вежбите. Бројот на корисници кои ги користат овие услуги изнесува околу 30тина.

**Услуга на привремен престој** - Центар за рехабилитација и реинтеграција на поранешни зависници од наркотични средства. Тераписка заедница "Покров" е првата долгорочна рехабилитациона програма за одвикнување од дрога, алкохол и хазарт во Македонија, отворена во 2009 г. структурирана по принципот на светските тераписки заедници. Најголем дел од средствата во проектот Покров се донирани од Швајцарската агенција за развој (SDC), Општина Струмица, Струмичка епархија и други партнери од локалниот бизнис сектор. Проектот за реновирање на Центарот за рехабилитација и ресоцијализација на корисници на дрога и алкохол – 'Покров' во Струмица е пример за функционирањето на Програмата Форуми во заедницата. Здружението Избор од Струмица долги години работи на повеќе програми кои опфаќаат давање на услуги на лица корисници на дрога. Една од програмите е програмата за одржување на ниска преваленца на ХИВ која опфаќа интравенски корисници на дрога. Годишниот број на опфатени лица во оваа програма е 530 лица од регионот на Општина Струмица и струмичко.Во оваа програма за одржување на ниска преваленца на ХИВ спаѓа и програмата за унапредување на здравствените и социјалните права на сексуалните работници во Струмица.

√ **Шелтер центар за згрижување и заштита на жртвите на семејно насилство** Општина Струмица е прва општина во Република Северна Македонија која со сопствени средства отвори Шелтер центар. Врз основа на статистиките од Центарот за социјални работи и Здружение на граѓани Скај Плус Струмица, препознавајќи ги

потребите на граѓаните/граѓанките увидовме нужна потреба за отварање на Шелтер центар во Општина Струмица. Општина Струмица покрај финансиските средства го обезбеди и просторот во кој е сместен Шелтер центарот на Општина Струмица. Шелтер центарот претставува комплекс од социјални услуги за лица жртви на семејно насилтво, жени и деца, кои можат да бидат сместени за период до 6 месеци и ќе бидат насочени кон обезбедување на индивидуална поддршка, задоволување на секојдневни потреби и правно советување или социјално – психолошка помош кога е потребна итна интервенција, вклучително преку тимови за мобилна кризна интервенција.

√ **Парелелка на деца со аутизам**

Пред точно 14 години во Струмица започна со работа првата паралелка за образование на деца со аутизам. Формирани се две групи со по четири ученици со аутизам на различни нивоа. Организатор на наставата е ООУ „Сандо Масев“ од Струмица, а „пионерската“ улога во отворањето на паралелката за ученици од ваков вид на попреченост, ја имаше Општина Струмица. Истата е сместена во Детската градинка Клон 4 во Општина Струмица која е под надлежност на Општина Струмица. Денес наставата ја посетуваат 8 деца со аутизам, од Струмица поделени во неколку групи во три паралалеки, а за нивната потреба од неодамна е отворена и таканаречена „Сензорска соба“. Со оваа паралелка работат тројца дефектолози и истите се финансиски поддржани од страна на Министерството за образование.

### 3.1.6 Услуги за вон – семејна заштита

Живеење со поддршка – Според податоците и евиденцијата од ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Струмица во моментот имаме евидентирано 33 деца без родители и родителска грижа и тоа 15 деца се сместени во згрижувачки семејства, 12 деца се сместени во роднински семејства и 6 деца се сместени во мал групен дом.

## 3.2 НОВИ СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ

Според новите социјални реформи, централната и локална власт имаат главна улога во обезбедување и спроведување на социјални услуги во заедницата на локално ниво.За спроведување на нови социјални услуги на локално ниво потребно е професионалност, пропишани процедури, стандарди и протоколи со кои Здруженијата ќе гарантираат минимум стандарди за квалитетот на дадената услуга. Услугите кои ќе се реализираат се планирани да се спроведуваат дел преку општинскиот буџет, преку донации, проекти, грантови и друга финансиска поддршка.

### 3.2.1. Услуги на информирање и упатување

Покрај постоечката работа на ЦСР, оваа услуга може да се дава и преку инфо-точка во општината, односно да се споделуваат информации кои се подготвени од нив. На пример:

- Да се развие посебен сет на информации за вклучување на пазарот на трудот на лицата кои се долгорочно невработени или тешко вработливи и лицата со попреченост кои се на евиденцијата на Центарот за вработување.
- Со оглед на големиот број на невработено Ромско население во општината, или работа со неформална економија, а во насока на намалување на сиромаштијата, потребно е да се даде дополнителна помош и поддршка при услугите за информирање и упатување за искористување на правата од социјалната заштита и можностите поврзани со активација и вработување, како и подигање на свеста кај ромите и турците за значењето на образованието и нивно вклучување во образовниот систем. Оваа услуга ќе биде овозможена во соработка со здруженија на граѓани кои се стручни и работат на терен со Ромското население, но исто така истите се лиценцирани од страна на МТСП. Општината исто така ќе настојува да соработува и со младинскиот совет за развој на сет на информативни сесии и услуги за зголемување на информираноста кај младите и потикнување на младите за вклучување на пазарот на труд.

**3.2.2. Услуги на стручна помош и поддршка**

Долгоочекуваното работење на случај од страна на стручните лица на ЦСР ќе биде од голема помош за ромското население кое се соочува со комплексни семејни ситуации и тешко може без поддршка да ги надмине проблемите.

-Општина Струмица донесе одлука за давање на трајно користење на деловни простории на МТСП, без надомест кои ќе бидат наменети за отварање на специјализиран сервис за психо-социјална поддршка и советување на жртви на семејно насилство, а кои ќе бидат менеџирани од страна на ЈУ„Меѓуопштински центар за социјална работа“-Струмица.

3.2.3 **Услуги на советување**

Согласно направената анализа на капацитетите на потенцијални корисници на повеќенаменски социјален центар во Општина Струмица и препораки за развој на социјални сервисни услуги Општината е спремна да поддржи работа на стручни граѓански организации кои би понудиле советувалишна работа за различни категории на граѓани во социјален ризик, надвор од она што го обезбедува МТСП. Во моментот е пројавен интерес од страна на здруженија на граѓани кои сакаат да ја развијат оваа социјалната услуга , и во иднина ќе продолжат со давање на оваа советодавна услуга за правата од социјална заштита и вклучување на Турските и Ромските деца во образовниот процес преку мобилни тимови на терен. Здружението Избор покрај постоечките услуги кои ги реализираат како дополнителна услуга би развиле засебен простор за советување и поддршка на лицата пред започнување на процесот на рехабилитација или рано одвикнување на употреба на психоактивни супстанци. Здружението на глуви и наглуви- Струмица нуди помош и поддршка на глуви и наглуви лица во остварување на нивните права од системот на социјална и здравствена заштита, процес на образование, вадење на лични

документи, склучување на бракови и бракоразводни процеси, но и вклучување на глувите и наглувите на пазарот на труд.

3.2.4 **Услуги во домот**

**Помош и нега во домот**

Општина Струмица има потреба од создавање на нова социјална услуга за грижа на возрасни лица за помош и нега во домот, услуга за професиоонална нега на стари лица, лица со деменција – Алцхајмерова болест во домашни услови. Општина Струмица го има развиено концептот Струмица грижлив град каде што главен акцент се става на решавање на проблемите на граѓаните од социјален ризик и развој на социјални услуги на локално ниво. Со оваа услуга се планира да се офатат вкупно 60 стари лица со ниски месечни примања ( стари и изнемоштени лица, лица со демнција и Алцхајмерова болест). Општината во мометот има алоцирано сопсвени буџетски средства за воспоставување и субвенционирање на оваа услуга. Услугата ќе биде наменета за 60 стари лица и опфаќаат поддршка во исполнувањето на секојдневните потреби на лица кои имаат потреба од оваа услуга во нивните домови, со цел да се подобри и одржува квалитетот на живот и да се спречи или одложи сместувањето во институциите. Развојот на услугата ќе биде развиена во соработка на нови лиценцирани провајдери, стручни во оваа област и се базира на правилниците од Законот за социјална заштита.

**Лична асистенција**

Според податоците добиени од направената анализа на капацитетите на потенцијални корисници на повеќенаменскиот социјален центар во Општина Струмица и препораки за развој на социјални сервисни услуги од страна на здруженијата во Струмица има недостаток и потреба од услугата лична асистенција на лицата со попреченост. Општината дополнително ќе соработува со лиценцирани здруженија кои ќе ја развиваат оваа услуга со поддршка од страна на МТСП. Оваа услуга ќе придонесе кон независно и самостојно живеење на лицата со попреченост и нивно активно и рамноправно учество во заедницата и во општеството во целина, обезбедувајќи поддршка за нивно осамостојување, согласно индивидуалните потреби. Дополнително општина Струмица има обезбедено специјалното патничко возило кое што овозможува мобилност на лицата со физичка и интелектуална попреченост од сите категории. Специјалното патничко возило дополнително го решава долготрајниот проблемот со превозот на овие лица до институциите каде што ги вршат нивните лични и општествени активности. Развојот на услугата ќе се базира на правилниците од Законот за социјална заштита.

3.2.5 **Услуга во заедницата**

**Услуги за реинтеграција**

Младински центар

Покрај веќе споменатите услуги поддршка од страна на општината и согласно акционите планови за имплемтација на стратегијата за млади, општина Струмица ќе започне во соработка со младинските организации, каде што ќе се овозможи вклученост на сите млади лица (од урбаната и руралната средина), нивна мотивација, реинтеграција и ресоцијалзиација во општеството. Младите во овој младински центар преку сет на мерки ќе имаат можности да се стекнат со потребни вештини и дополнителни квалификации преку обезбедување на едукативни и други активности како и промовирање на можностите за активрање на пазарот на труд. Општината исто така како успешна приказна ќе продолжи со поддршка на старт ап за младите лица кои ќе бидат насочени кој развој и подобрување на социјалните услуги на локално ниво.

**Иновативни услуги**

Со оглед на потребата од продолжување на активностите “Народна кујна“ општината во соработка со здруженија на граѓани, приватни донатори, банка за храна ќе продолжи да ја развива оваа услуга како иновативна услуга која ќе биде збогатена со мобилен тим и истиот ќе овозможува помош и поддршка на лицата во руралните среди, достава на топол оброк и лекови како и поддршка во извршување на секојдневните активности.

**Услуги за дневен престој**

Општина Струмица во соработка со Приватна установа за социјална заштита на стари лица – “Отворено срце” - Струмица аплицираше на Јавниот повик за социјални услуги од страна на МТСП со Светска Банка. Услугата за дневен престој (дневен центар за стари лица) кој се наоѓа во самата приватна установа ќе биде насочена кон дневно згрижување на 60 стари лица, обезбеден транспорт и логистика, активности за стекнување животни и работни вештини, социјални, културни и рекреативни активности, едукација, социјална поддршка на лицата и нивните семејства, психотерапија, можности за масажа и 24 часовен телемониторинг на конкретни биометриски показатели и други активности. Развојот на услугата ќе се базира на правилниците од Законот за социјална заштита.

**Клубови за стари лица – Активно староење**

Центри за активно и здраво стареење.

Општината Струмица во соработка со здружението на пензионери ќе овозможи развој на програма за активно и здраво стареење во веќе постоечките и функционални 18 клубови. Програмата која ќе се развива во овие центри ќе биде насочена кон активно и здраво стареење како и превенирање на ризиците од старост.

**-Услуга за привремен престој**

Специјализиран фитнес центар за лица со попреченост.
Согласно искористеноста на капацитетите на специјализиранио фитнес центар за лица со попреченост и потребата за негово функционирање, општината ќе продолжи со развој на оваа социјална услуга и во иднина. Услугата ќе биде координирана од страна на здружението на граѓани ВЕРА.

Шелтер центар за згрижување и заштита на жртвите на семејно насилство
Врз основа на статистиките од Центарот за социјални работи и Здружение на граѓани Скај Плус Струмица, препознавајќи ги потребите на граѓаните/граѓанките увидовме потреба за продолжување на работата и поддршката на „Шелтер центар во Општина Струмица".
Шелтер центарот претставува комплекс од социјални услуги за лица жртви на семејно насилтво, жени и деца, кои можат да бидат сместени за период до 6 месеци и ќе бидат насочени кон обезбедување на индивидуална поддршка, задоволување на секојдневни потреби и правно советување или социјално – психолошка помош кога е потребна итна интервенција, вклучително преку тимови за мобилна кризна интервенција.

3.2.6 **Услуги за вон – семејна заштита**
Живеење со поддршка
Општина Струмица во соработка со МТСП и согласно националната стратегија „Тимјаник" го започна процесот на деинституционализација на ЈУ Завод за рехабилитација „Бања Банско", институција за згрижување лица со физичка попреченост. Согласно отпочнатите активности општината ќе започне со развој на услугата за живеење со поддршка и обезбедување на мали групни домови или станбени единици за 24 часовно живеење со поддршка за децата и возрасните (од 6 до 75 години) сместени во оваа институција. Развојот на услугата ќе се базира на

правилниците од Законот за социјална заштита. Општината ќе изврши мапирање на можни постоечки приватни објектит или општински објекти за развој на оваа социјална услуга и тоа насочена кон:
- обезбедување на мали групни домови на лица со попреченост над 26 годишна возраст
- обезбедување на стамбени единици

Сместување во установа

Регионален дом за стари во постоечките капацитети во ЈУ Завод за рехабилитација Бања Банско.
Услугата за сместување на изнемоштено старо лице, хронично болно лице, терминално болно лице и друго лице во потреба од континуирана помош и нега, може да се организира преку искористување на празните капацитети по завршување на процесот на деинституционализација на ЈУ Завод за рехабилитација Бања Банско и нивна пренамена за регионален дом за стари лица.

- Дом за сместување здружение на пензионери

Здружението на пензионери на општина Струмица веќе располага со сопсвени капацитети на пензионерски дом кој во моментот е започнат процес на доградба и зголемување на капацититети на постоечкиот дом, се со цел да се овозможи  дополнително сместување во овој дом за лица без сопсвено живеалиште и лица со ниски пензии.

### 3.3 Идентификување на социјални ризици во општината

Социјален ризик е состојбата која има потенцијал да го отежни или оневозможи непреченото социјалното функционирање на поединецот, семејството и одредна група, која може да дојде во потреба од социјална помош. Со изработката на овој Социјален план, меѓудругото, ги идентификуваме постоечките социјални ризици и правиме приоретизација врз која ќе се заснова идниот развој на социјалните услуги.
Според состојбите во општината прикажани погоре, најголеми социјални ризици во општина  Струмица се:

- Попреченост
- Старост
- Насилство
- Сиромаштија
- Дрога и Алкохол

**3.4 Идентификување и приоретизирање на социјални ризици и услуги за нивно надминување**

| Социјален ризик | Спецификација на социјални ризици | Постоечки услуги | Постоечки човечки ресурси | Развој на нови услуги | Потребни ресурси |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Лица со попреченост | 1.1Лица со интелектуална попреченост<br>1.2 Лица со физичка попреченост<br>*1.3 Лица со Аутизам*<br>*1.4 Лица со Даунов синдром*<br>*1.5 Слепи лица*<br>*1.6 Глуви и наглуви лица*<br>*1.7 Лица со комбинирана попреченост* | - Услуги во домот- Лична асистенција<br>-Услуги во заедницата (услуги за дневен престој) | - Лични асистенти<br><br>- Воспитно-образовни асистенти<br><br>-Специјални едукатори/рехабилитатори | - Услуги во домот- Лична асистенција<br><br>- услуги на вон-семејна заштита (живеење со поддршка) | -Координатор<br>- Социјален работник<br>-Сертфицирани лични асистенти на лица со попреченост<br>- Асистенти за асистирано живеење<br>-Педагог<br>-Логопед<br>-Медицински сестри |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2. Старост | 2.1 Стари лица над 62 години<br>2.2 Стари лица со деменција и Алцхајмерова болест<br>2 .3 Изнемештени стари лица<br>2.4 Стали лица со хронични болести | | | - Услуга во домот (помош и нега во домот)<br>- Услуга во заедницата (услуга за дневен престој) | - Коориднатори<br>-Социјални работници<br>-Сертифицириани асистенти за нега на лица со деменција и Алцхајмерова болест<br>-Сертифицирани негуватели/ки за стари лица |
| 3. Лица со нарушени семејни односи | 3.1 Жртви на семејно насилство<br>3.2 Лица во бракоразводни постапки | - услуги во заедницата (услуги за привремен престој)<br>-услуги на стручна помош и поддршка<br>- услуги на советување | Вработени во ЦСР<br>Вработени во МВР | - услуги во заедницата (услуги за привремен престој)<br>-услуги на стручна помош и поддршка<br>- услуги на советување | -Специјален едукатор<br>-Психотерапевт<br>- Психолог<br>-Социјален работник |
| 4. Сиромаштија | 4.1 Активни баратели на работа<br>4.2 долгорочно невработени над 50 години<br>4.3 Невработеност кај ромското | -Услуги за информирање и упатување<br>- услуги на советување | Вработени во ЦСР | -Услуги за информирање и упатување<br>- услуги на советување | -Специјален едукатор и рехабилитатор<br>-Врснички едукатори<br>- Психолог<br>- Тренинг провајдери |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | население<br>4.4 Невработеност кај турско население<br>Население<br>4.5 Млади лица и деца од Ромската заедница без образование<br>4.6 Млади лица и деца од Турската заедница без образование<br>4.7 Лица сторители на кривично дело | | | | |
| 5. Дрога и Алкохол | 5.1 Лица зависници од наркотични средства<br>5.2 Лица зависници од алкохол<br>5. 3 Лица зависници од хазард | - Услуга во заедницата<br>- услуга на привремен престој<br>-Услуги за информирање и упатување<br>- услуги на советување<br>-Услуги за стручна помош | - Психолог<br>-Педагог<br>- Специјални едукатори<br>-Стручни медицински лица<br>-Социјален работник<br>-Правник | Услуги за советување<br>- Услуги за стручна помош и поддршка<br>- Услуги во заедницата | Специјални едукатори<br>Психолог<br>Работен терапевт<br>Социјален работник |

## 4. Потребни капацитети и финансиска поддршка

| Нова услуга | Форма | Инфраструктура (постоечки, во изградба, потребна реконструкција, потребна адаптација, нема) и опрема | Капацитет/опфат (број на корисници, површина, територија, итн? | Потребни финансиски средства | Извори на финасисрање или начин на прибирање на потребните финасиски средства | Планирана соработка со: | Време/период на реализација: |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Услуги во домот | Помош и нега во домот | Повеќенаменски социјален центар-опремени посотечки капацитиети | - 60 стари лица на територија на општина Струмица | 13,824,000 ден. За 12 месеци | 1 800 000 обезбедени средства од општината МТСП | -МТСП<br>- Здруженија на граѓани | 2021-2024 |
| Услуга во домот | Лична асистенција | Повеќенаменски социјален центар-опремени постечки капацитиети<br>- 6 канцеларии | | МТСП<br>Општина струмица | Средства побарани од страна на МТСП<br>Донатори<br>Општински буџети | МТСП<br>- Здруженија на граѓани | 2021 год. |
| Услуги во заедницата | Услуги од дневен престој | Простор во сопственост на ПУСЗ „Отворено срце“ | - приватен објект МТСП | МТСП<br>ПУСЗ Отворено срeце<br>Светска банка | 16.569.499,00 | МТСП<br>ПУСЗ Отворено срце | 18 месеци<br>2021 год. |
| Услуги во заедницата | Шелтер центар за згрижување и заштита на жртвите на семејно насилство | Простор во сопственост на општината | -згрижени 10 жени жртви | МТСП<br>Буџет на општина Струмица | 1.200.000 од Буџетот на општина Струмица | МТСП<br>Буџет на општина Струмица<br>Здружение на граѓани | 4 години<br>2021-2024 |
| Услуга на вон-семејна заштита | Живеење со поддршка (мали станбени единици или мали групни домови | Реконструкција на објект во сопственост на општината | -20 Корисници | МТСП<br>Буџет на општина | | МТСП<br>Донатори<br>Буџет на општина | 3 год.<br>2022-2024 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Услуги на советување<br><br>Услуги на информирање и упатување<br>Услуги за стручна помош и поддршка | Услуги на советување<br><br>Услуги на информирање и упатување<br>Услуги за стручна помош и поддршка | Повеќенаменски социјален центар-постоечки капацитиети | Лица од ранливи групи на ниво на општина Струмица | 300.000,00 за 12 месеци | | МТСП<br>ЦСР<br>Здруженија | 12 месеци |

## 3. Лиценцирање на даватели на услуги и финансиска поддршка

Според законот за социјална заштита (Службен весник на РСМ, бр. 104 од 23.5.2019 година) МТСП издава дозвола за вршење работи од социјална заштита на правни и физички лица под услови утврдени со овој закон, утврдува стандарди и нормативи за давање социјални услуги.
Во Општина Струмица лиценцирани субјекти како сервис провајдери се Црвен крст Струмица, ЗГ „Избор“, ЗГ Скај Плус Струмица со дозвола од Министерство за труд и социјална политика за отворање и работа на Центар за згрижување и заштита на жртви на семејно насилство, Приватна установа за социјална заштита на стари лица – “Опен Харт” – Струмица,  Здружение за поддршка и развој Хуманост, но исто така во тек се и лиценцирање на повеќе здруженија на граѓани кои вршат услуги во доменот на социјалната заштита на територија на општината.

Резиме

Социјалниот План 2021-2024 година за општина Струмица беше изготвен во соработка со :

- Општина Струмица
- ЕПТИСА
- ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи – Струмица
- Центар за вработување Струмица
- Здруженеија на граѓани од Струмица